FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

| Број | Организација | Име на проект | Фокус област на грантистот | Цели на одобрениот проект |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Здружение на граѓани КОНТРАПУНКТ Скопје | ЕУ РЕКА | Организација која работи на теми поврзани со култура и медиуми, овозможува поинаков пристап во претставувањето на придобивките од членство во ЕУ и неоходните реформи на патот до Унијата | Зголемување на јавната свест за потребата и придобивките за пристапување кон ЕУ и доближување на концептот и функционирањето на ЕУ до граѓаните.<br>Збогатување на медиумскиот простор со нови креативни содржини од едукативно-забавен карактер, врзани за потенцијалните придобивки на Р. Северна Македонија од влезот во ЕУ и областите од поглавје 23 со фокус на темелни права.<br>Креирање долгорочна забавно-едукативна интернет платформа која ќе ги обработува претходно наведените области.<br>Промовирање на придобивките од пристапување кон ЕУ генерално, и во областите врзани за поглавје 23 со фокус на темелни права преку интернет кампања. |
| 2 | Здружение на граѓани на текстилните, кожарските и чевларските работници Гласен текстилец - Штип | Пристапот до правда во Источниот регион | Организација за остварување на правата на работниците од текстилната, кожарската и чевларската индустрија | Унапредување и почитување на човековите права преку подобрување на пристапот до правда на граѓаните<br>Приказ на моменталната состојба и задоволството на граѓаните од институциите одговорни за пристапот до правда и правично судење<br>Информирање на граѓаните и институциите за важноста од поглавје 23 како неопходно за пристап на нашата држава кон ЕУ |
| 3 | FINANCE THINK - Институт за економски истражувања и политики Скопје | Родова еднаквост на работното место: Мониторинг на локално ниво | Организација која работи на подобрување на влијанието на економските, социјалните и развојните трендови и политики врз граѓаните во Северна Македонија и регионот на Западниот Балкан, преку економски истражувања, застапување базирано на докази и водено од податоци, и поттикнување критичка дебата за економските процеси. | Промоција и поттикнување родова еднаквост и недискриминација при вработување и на работното место<br>Проценка на ставовите на работодавачите за родовата нееднаквост и дискриминација при вработување и на работното место и механизмите за нивно спречување и заштита<br>Истражување и анализа на искуствата на работниците во врска со родовата нееднаквост и дискриминација со цел да се процени дали тие се сведуваат на изолирани случаи или се систематска појава<br>Поддршка на креаторите на политиките да донесуваат информирани одлуки засновани врз докази, податоци и препораки<br>Поттикнување на социјален дијалог помеѓу клучните засегнати страни (работници, работодавци и носители на политики)<br>Зголемување на јавната свест за регулаторната рамка за заштита од родова нееднаквост и дискриминација при вработување и на работното место. |
| 4 | Здружение Ромски деловен информативен центар на Македонија - ЗРДИЦМ | Почитување на правата на затворениците од етничките заедници низ призмата на ромската заедница | Организација која работи на промовирање на општествено одговорна деловна практика преку партнерско партнерство во заедницата и нејзините локални и меѓународни партнерски организации | Придонес кон подобрување на состојбата на затворениците со фокус на етничките заедници и Ромите во Република Северна Македонија.<br>Дефинирање на проблемите на затворениците со фокус на етничките заедници и Ромите во КПД Идризово, КПЈ Затвор Скопје, КПД Штип.<br>Застапување за почитување на основните човекови права на затворениците со фокус на етничките заедници. |
| 5 | Коалиција Сите за правично судење | Мерката притвор помеѓу домашната и европската пракса | Организација која работи на почитувањето на човековите права и слободи, особено на меѓународните стандарди за правично судење преку разни форми на делување во настојувањето да се зголеми нивото на нивното имплементирање, да се иницираат институционални и правни реформи како и да се врати довербата на граѓаните во судството и другите институции на системот. | Да влијае на реформските процеси за употребата на мерката притвор и останатите мерки за обезбедување присуство во корелација со препораките на ЕУ и Поглавјето 23 |
| 6 | Центар на заедницата на општина Струга - Струга | Анализа на јавната перцепција за процесот на пристапување во ЕУ - со фокус на Поглавје 23 | Центарот на заедницата на општина Струга работи на зголемување на граѓанското влијание преку зајакнување на капацитетите на граѓаните и единиците на локална самоуправа во три основни области: Граѓанско учество и активизам; Човекови права; Транспарентност и отчетност. | Утврдување на перцепцијата на граѓаните во четирите општини за патот на пристапување кон ЕУ и обезбедување на информации врзани за реформските процеси и придобивките од членството во ЕУ .<br>Обезбедување на отворен, широк дијалог со граѓаните во врска со интеграцијата на Северна Република Македонија во ЕУ.<br>Подготовка на публикација која ќе обезбеди релевантни информации поврзани со Поглавје 23, врз основа на кои граѓаните ќе можат да изградат свој став за европската перспектива на земјата. |
| 7 | Здружение за едукација на земјоделците ЗЕЛЕНА БЕРЗА Битола | Од рурална жена до успешен претприемач, без стереотипи и дискриминација | Земјоделско здружение кое работи на промоција на македонскиот земјоделец, да гради партнерски односи со производителите и со трговците, да создаде заедница на македонските производители на храна која ќе ги претставува и ќе се бори за интересите на современето македонско земјоделие, во државата и странство. Дејноста е насочена кон целта здружението да прерасне во здружение со илјадници членови, здружение со големо влијание врз законските норми кои го регулираат земјоделието и здружение кое ќе му даде глас на секој индивидуален земјоделец. | Надминување на стереотипите кои се однесуваат на дискриминација на руралната жена, издигнувајќи ја истата до ниво на успешен претприемач, притоа придонесувајќи за зголемен ангажман на Владата на РСМ и МТСП кон имплементација на конкретни мерки за подобрување на статусот на руралната жена.<br>Добивање конкретни податоци за актуелизација на прашањето за надминување на дискриминацијата на руралната жена<br>Едукација на руралната жена за нејзините темелни права<br>Активно вклучување на руралната жена во конкретни активности<br>Мотивирање на руралната жена да стане успешен претприемач |
| 8 | Здружение за рурален развој Локална Акциона група Агро Лидер | ЕУ Скептицизам наспроти ЕУ Оптимизам во Руралните средини | Организацијата која работи на промоција на одржлив рурален развој на територијата на Општина Долнени, Кривогаштани и Крушево преку иницијативи, партнерства и користење на постоечкиот ендоген потенцијал. ЛАГ АГРО ЛИДЕР е партнерство помеѓу јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор на територијата каде делува, со цел еднаква вклученост на сите релевантни чинители за зајакнување на руралниот развој и подобрување на квалитетот на живот на сите жители на својата територија. | Формирање на граѓански капацитети кои би придонеле за подобра информираност на граѓаните во руралните средини, за подигање на јавната свест во насока на разбирање на потребните реформски процеси за Судството и Темелните права, и кои обврски треба да се исполнат би биле потребни за пристапување кон Европската Унија.<br>Зголемување на граѓанските капацитети за подобра информираност на граѓаните во руралните средини во насока на разбирање на потребните реформски процеси.<br>Зајакнување на граѓански капацитети кои би придонеле за подобра информираност на граѓаните во руралните средини, за подигање на јавната свест во насока на разбирање на потребните реформски процеси за Судството и Темелните права, и кои исполнувања на обврските за пристапување кон Европската Унија би биле потребни.<br>Едукација на одредени групи во руралните средини за градење на едуцирани и информирани капацитети за подигање на јавната свест.<br>Подигнување на свеста за разбирање на реформските процеси поврзани со Судството и Темелните права за пристапување во ЕУ. |
| 9 | Здружение за истражување, анализи и развој Зелена Лупа - Скопје | Ресоцијализација и реинтеграција во општеството преку Пробацијата | Граѓанска асоцијација која се залага за владеење на правото, интегритет и функционалност на институциите, како и борбата против корупцијата. | Придонес во имплементација на законот за пробација во Република Северна Македонија<br>Овозможување услови за унапредување на состојбата со спроведување на законот за пробација.<br>Подигање на јавната свест преку информирање на јавноста за можностите кои ги нуди законот за пробација, информирање во врска со процесот на пробација и информирање на осудените лица за нивните права согласно законот и можностите за ресоцијализација преку предвидените мерки и програми.<br>Заштита на заедницата од криминал преку успешна ресоцијализација и реинтеграција на лицата опфатени со пробација, преку следење на спроведувањето на пробацијата и ефектите од работното ангажирање на осудените лица, |
| 10 | Медиа Плус Штип | ,,И локалната ифнормираност е тест за ЕУ,, | Медиа Плус е организација која истражува, анализира и иницира акции и процеси со што влијае и придонесува кон развојот на демократијата и медиумската заедница"зголемување на локалната информираност на граѓани и новинари | Зголемување на информираноста на граѓаните на локално ниво за реформските процеси за пристапување на државата во ЕУ, преку зајакнување на акапцитетите на локалните новинари<br>Зголемување на содржини со цел да се подобри разбирањето на граѓаните за реформи на локално ниво, поврзани со пристапување во ЕУ<br>Издигнување на инфомираност за важни локални теми на централно ниво |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11 | Рурална Коалиција | Фундаменталните човекови права и родова еднаквост -предизвик за практикување во руралните средини | Рурална Коалиција – Куманово има за цел да ги обедини земјоделците и руралното население на Република Македонија, во силна и препознатлива организација, која ќе ги штити нивните економски, социјални и културни интереси, ќе се залага за унапредување на можностите за развој на агро-бизнисот и рамномерен регионален развој на руралните подрачја во Република Македонија, и ќе влијае на политиките и стратегиите во државата, за да обезбеди поквалитетен живот за граѓаните што ги застапува. | Жените од руралните средини да го разберат но и да дадат придонес кон процесот на пристапување кон ЕУ преку унапредување на сопствените права и родовата еднаквост согласно реформските процеси од Поглавје 23<br>Утврдување на реалната состојба на женските економски и социјални права во руралните средини и компарација на податоците со податоци за земји-членки на ЕУ за степенот на практикување на родовата еднаквост како дел од Поглавјето 23<br>Зајакнати знаења и капацитети на жените од руралните средини за Поглавјето 23 коки ќе резултираат во активен придонес во процесот на градење на позиции и ставови за унапредување на родовата еднаквост во руралните средини |
| 12 | Здружение за еднакви права и можности Жените во Економијата-Штип | Биди храбра, проговори гласно! | Организација која се занимава со зајакнување на свеста на граѓаните од Источниот Регион, за постоењето на мобинг во приватниот и јавниот сектор и однос на системот кон истиот | Зајакнување на свеста на граѓаните од Источниот регион, за постоење на мобинг во приватниот и јавниот сектор и односот на системот кон истиот<br>Унапредување на положбата на жените во опшетството, преку запознавање со податокот дека мобингот претставува дискриминација<br>Подигнување на свеста кај јавниот секотр за превземање на конкретните мерки за заштита при состојби на мобинг Зајакнување на свеста кај граѓаните за постоење на мобинг |
| 13 | Хелсиншки комитет за човекови права | Влијанието на поглавје 23 врз процесот на пристапување на република северна македонија во Европската Унија | Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија е здружение на граѓани регистрирано во 1994 година. Комитетот врши мониторинг на состојбата со човековите права, обезбедува правна помош, соработува со други организации и со државните органи во насока на зголемување на промоцијата, почитувањето и заштитата на човековите права и слободи. | Придонес во информирањето на граѓаните за реформите во процесот на пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија<br>Спроведување истражување врзано со влијанието на Поглавјето 23 -Правосудство и темелни права врз процесот на преговори за членство на Република Северна Македонија<br>Спроведување на активности кои ќе придонесат кон информирањето на јавноста за влијанието на Поглавје 23- Правосудство и темелни права врз процесот на пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија |
| 14 | Центар за правни истражувања и анализи (ЦПИА) | Административна правда по европски стандарди | ЦПИА работи во областа на владеењето на правото, пристап до правдата, демократизација, добро владеење, и човекови права. ЦПИА се залага за постигнување на своите цели преку активности поврзани со правни истражувања, развој на правни ресурси, мобилизирање на заедницата, градење правна свест и обезбедување правни совети и мислења. | Подобрување на системот на добро владеење во Република Северна Македонија преку обезбедување на ефективна административна правда заснована на европски стандарди<br>Овозможување на административната правда преку зголемување на ефективноста и транспарентноста на Управниот Суд на РСМ<br>Обезбедување на ефикасен, ефективен и економичен коректив на доброто владеење на РСМ целна група управни судии, адвокатите, претставниците на јавните органи и државните правобранители, граѓани |
| 15 | Здружение МУЛТИКУЛТУРА - Тетово | Младите се промената за пристапување во Европската Унија | Организација која работи на промоција на младински активизам и учество во процесот на донесување одлуки како и развој на културната и меѓуетничката соработка и толеранција. | Поддршка на процесите на пристапување на РСМ во ЕУ, преку набљудување на имплементацијата на препораките од Поглавје 23.<br>Зајакнување на капацитетите на младите во полето на правосудство и темелни права.<br>Поттикнување на активно младинско учество во РСМ во градењето на демократските процеси како предуслов за интеграција во ЕУ.<br>Подигнување на јавната свест преку промоција на наодите поврзани со имплементација на препораките од поглавје 23 за наблјудуваните институции. |